Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-48/1
12-01-2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-518/1 од 19.6.2025 година поднесена од ----- против -----, за извршена дискриминација врз основ на етничка припадност во областа на образование, наука и спорт, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на етничка припадност во областа на образование, наука и спорт од страна на ----- и Министерството за ----- врз припадници на ромската етничка заедница.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-518 од 19.6.2025 година, од ----- за сторена дискриминација врз основ на етничка припадност во областа на образование, наука и спорт од страна на -----.

Во претставката е наведено дека дел од испитниот материјал за државната матура по македонски јазик за учебната 2024/2025 година, бил вклучен текст во кој Ромите биле прикажани на длабоко стереотипен и дискриминаторски начин, при што се наведува дека во задачата која им била зададена на матурантите, Ромите биле опишани како лица кои „копаат по контејнери“, „не се способни да се грижат за своите деца“ и „не постојат за државата“. За ваквата содржина се вели дека претставува форма на институционален антициганизам, бидејќи е одобрена и користена како официјален државен испит, со што се зацврстуваат негативните стереотипи и се нарушува правото на достоинство, еднаквост и образование без понижување за учениците од ромската етничка заедница. Во претставката дополнително се наведува дека текстот ја префрла вината за маргинализацијата на самите Роми, без да ги препознае институционалните бариери и социјалната исклученост што ја одржуваат системската нееднаковост. Во прилог на претставката е доставена слика од задача со наративен дел – текст и прашања за анализа на истиот, при што содржината на текстот е следна:

*“24. Прочитај го следниот текст и одговори на поставените прашања.*

*НАЦИОНАЛНОСТ: РОМ; ДРЖАВЈАНСТВО: НЕМА*

*Сиромаштијата е главна причина поради која и во 21 век илјадници Роми во земјава живеат без државјанство и останувaат само граѓани на светот. Рамиза и Сафет Салиовски целиот свој век го минуваат во скопското село Злокуќани. Сепак, нивните деца, кои се родиле во земјава, немаат државјанство, ниту пак се социјално осигурани. Тие практично не постојат за државата.*

*- Секој ден ми поминува во бурикање контејнери. Децата немаат државјанство, ниту пак здравствени книшки. Немаме пари за да им извадиме државјанство, бидејќи едвај заработуваме за парче леб, а камоли да им даваме пари- објаснува Рамиза. Според проценките, најмногу Роми во земјава има во Скопје. Многу од нив немаат никакви документи и затоа за надлежните се невидливи. Според нив, пријавувањето во матичната книга на родените е долг процес и бара многу пари- нешто што овие луѓе што живеат во сиромаштија го немаат. Од Националниот ромски центар велат дека проблемот мора да се реши, затоа што засега се една од најзагрозените групи.*

*- Официјалната бројка на Ромите без државјанство е тешко да се определи затоа што државните институции јавно не ги објавуваат податоците- велат од оваа организација, според која во моментов има околу 1500 Роми без државјанство. Некои од хуманитарните здруженија кои на Ромите им нудат правна помош и пари за целиот процес тврдат дека најчести причини за недобивање државјанство се: сложените економски услови, немањето документи за местото на живеење, како и неевидентирањето на децата во книгата на родените.*

*- Најголемиот број од Ромите се неписмени и не успеваат во законскиот рок да ги пријават новородените. Откако определеното време ќе помине, тие се плашат од трошоците и казните кои не можат да ги платат- оценуваат невладините активисти. Според нив, проблемот е и тоа што родителите и самите не се пријавени, па затоа не можат да извадат изводи ниту за децата. Доколку детето е родено во болница, потребата за вадење документи не е толку тешка, бидејќи иако не е пријавено во матичната книга на родените, болниците чуваат податоци за новородените и нивните мајки, но потребни се само неколку месеци за да се извадат сите потребни документи и со помалку трошоци - објаснуваат активистите.*

*- Од 2007 до 2008 година со државјанство на Република Македонија се стекнале 170 лица кои се изјасниле дека се припадници на ромската националност, од кои на 12 им е утврден државјанскиот статус, а останатите се стекнале со државјанство по пат на природување. Во истиот период годината, одбиени се барања на вкупно 15 лица. Активистите од невладината организација "Месечина" од Гостивар сметаат дека и покрај големиот број успешно решени случаи, има и такви за кои треба многу време и работа, а сепак нема гаранција дека ќе бидат решени. Особено проблемот се комплицира кога овие деца или возрасни никогаш во животот немале ниту здравствено* осигурување, ниту пак биле вклучени во образовниот процес.

*- Законите јасно кажуваат, не постои пречка - па ниту фактот што не поседуваат извод од матичната книга на родените- за да немаат здравствена книшка или пак да одат во училиште. Македонија има добри закони, но не се почитуваат доволно - вели Мухамед Точи, претседател на невладината организација.“*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 25.6.2025 година испрати Известување бр. 08-518/2 за произнесување по наводите од претставката до -----.

На ден 26.6.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена уште една претставка по однос на текстот за кој се наведува дека е дел од испитот за државната матура по македонски јазик за учебната 2024/2025 година, доставена од страна на -----, заведена под арх. бр. 08-537/1, а поднесена против Министерството за ----- и -----.

Во дадената претставка, се наведува дека цитираниот текст го третира проблемот на бездржавјанство и ризикот од бездржавјанство кај Ромите на начин на кој користи етикетирачки и деградирачки изрази, романтизира сериозен проблем, репродуцира стереотипи, избегнува институционална анализа и објективизира поединци. Дополнително на ова, во претставката е наведено дека во ваквиот текст отсуствуваат гласовите на засегнатите и истиот како испитен текст е образовно неподобен, бидејќи и покрај правно комплексната и социјално чувствителна тема, не содржи критичка рамка ниту упатства за учениците со некритичко прифаќање на предрасуди и нормализација на дискриминација.

Оттука, имајќи го предвид фактот дека во двете претставки станува зборза иста правна работа, а заради целисходност во водењето на постапката и преземање на соодветни процесни дејствија, Комисијата на ден 4.7.2025 година донесе Заклучок за спојување на двете постапки во една со број 08-518.

На ден 18.7.2025 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ----- заведен под бр. 08-518/4.

Во вака доставеното произнесување, од страна на ----- се наведува дека истото е институција која е надлежна само за изготвување на испитни програми за полагање на испитите на крајот на средното образование, односно Државната матура, согласно член 40 став 1 од Законот за средното образование, додека изготвувањето на тестови за екстерните испити на државната матура исклучиво е надлежен -----. Оттука, од ----- наведуваат дека не се надлежни за подготовка на испитниот материјал што е предмет на поднесената претставка и како такво, не може да се произнесе по наводите содржани во истата.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 26.9.2025 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставките до Министерството за -----, заведено под бр. 08-518/5.

На 7.10.2025 година до Комисијата пристигна произнесување од ----- како одговор на наводите од претставките за заштита од дискриминација.

Во произнесувањето се отфрлаат наводите за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност како неточни со следното образложение - се наведува дека во содржината на испитниот материјал (тестот) по македонски јазик и литература за државната матура во јунскиот испитен рок од 2025 година не се пренесуваат нецелосни, погрешни и дискриминаторски наративи за Ромите без државјанство и оние во ризик од истото, при што во прилог на одговорот го доставуваат и јавно достапниот тест на веб страната на matura.gov.mk, кој е доставен и во прилог на претставката, од каде наведуваат дека може да се утврди дека во ниту еден негов дел не е употребен зборот Ром, Роми, ромски, ниту пак испитот содржи текст за Ромите без државјанство преку кој се врши дискриминација. Оттука, имајќи ги во предвид сликите од текстот за кој се тврди дека е дел од испитниот материјал по македонски јазик и литература (текстот за Ромите без државјанство), во произнесувањето се наведува дека може да се забележи дека ниту визуелно, ниту структурно не станува збор за ист тест.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата и дополнително прибавените изјави, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на -----, Министерството за ----- и -----.

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи:

> *"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

По анализа на претставките, текстот доставен во прилог на истите, како и произнесувањата и официјалниот објавен текст предвиден за испитот за државната матура по македонски јазик и литература за учебната 2024/2025 година, Комисијата

за спречување и заштита од дискриминација најпрво утврди дека станува збор за текст кој не бил дел од испитниот материјал за конкретната учебна година и истиот не е содржан никаде во јавно достапните материјали кои се објавени на веб страната на www.matura.gov.mk. Оттука, наводите дека Министерството за -----, ----- и ----- сториле дискриминација со креирање/користење на дадениот текст не се сторени веројатни, имајќи предвид дека истиот не е дел од јавно достапниот материјал предвиден за полагање на испитот за државната матура по македонски јазик и литература за дадената учебна година. Дополнително на ова, Комисијата утврди дека текстот за кој се наведува дека е дискриминаторски не е преземен од официјалната датотека со податоци и испитни материјали достапна на официјалната веб страна на која истите се објавени – www.matura.gov.mk, туку слики од текстот и прашањата за обработка на истиот се преземени од кориснички профил на социјалната мрежа Facebook, при што во описот на објавата од која истите се преземени се тврди дека се дел од испитниот материјал за државната матура.

Оттука, имајќи го во предвид сето горенаведено, Комисијата утврди дека не била сторена дискриминација врз основа на етничка припадност од страна на Министерството за ----- и ----- врз лицата со ромска етничка припадност.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став 1 од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk